СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-1-291-2

Четврток, 19 август 1971
БЕЛГРАД
БРОЈ 36 ГОД. XXVII

Цена на овој број е 4 динари. — Претплатата за 1971 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Претплатна служба 51-732; Продажна служба 51-671

Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 5

486.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за определување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти за 1971 година ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/70), на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно прибавеното мислење од Сојузната стопанска комора, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1971 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и девизните контингенти за увоз на стоки во 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/71, 15/71, 20/71, 27/71, 31/71, 32/71, 34/71 и 35/71) во точка 2 под 1 Репродукционен материјал, се вршат следните измени и дополненија:

1) по редниот број 10 се додаваат три нови редни броја, кои гласат:

„10а 26.01/10а-1 Хромна руда Ia и IIa 115.000 тона
10б 26.01/10а-2 Хромна руда IIIа 50 000 тона
10в 26 01/10б Хромен концентрат 1.500 тона";

2) по редниот број 13 се додава нов реден број 13а, кој гласи:

„13а 28.46/2а Натриум перборат 1.000 тона";

3) под редниот број 15 во колона 4 зборовите: „3.500 тона" се заменуваат со зборовите: „6.500 тона";

4) по редниот број 15 се додава нов реден број 15а, кој гласи:

„15а 29.02/3а Тетрахлоретилен (перхлоретилен) 970 тона";

5) под редниот број 18 во колона 4 зборовите: „755 тона" се заменуваат со зборовите: „882 тона";

6) под редниот број 19 во колона 4 зборовите: „145 тона" се заменуваат со зборовите: „586 тона";

7) под редниот број 23 во колона 4 зборовите: „86 000 тона" се заменуваат со зборовите: „118.150 тона";

8) под редниот број 25 во колона 4 зборовите: „240.000 тона" се заменуваат со зборовите: „300.000 тона".

2 Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 10024
9 август 1971 година
Белград

Го заменува
Сојузниот секретар
за надворешна
трговија
член на Сојузниот
извршен совет,
**Борис Шнудерл**, с. р.

487.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ГУМА И ОД ПЛАСТИЧНИ МАСИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗДРАВСТВОТО

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Гумени чепови за шишиња за конзервирање на крв, крвни деривати, инфузиони раствори и вода за инјекции — — — — — — — JUS G.F1.050

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1972 година.

Бр. 19-3688/1
15 јули 1971 година
Белград

Директор
на Југословенскиот
завод
за стандардизација
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

488.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ" бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ВЕНТИЛИ ЗА ПНЕВМАТИЦИ

1. Решението за југословенските стандарди за вентили за пневматици („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/64), престанува да важи.

2. Ова решение влегува во сила на 1 јануари 1972 година.

Бр. 14-3693/1
15 јули 1971 година
Белград

Директор
на Југословенскиот
завод
за стандардизација
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**489.**

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ГУМЕНИ ЧЕПОВИ ЗА ШИШИЊА ЗА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА КРВ, КРВНИ ДЕРИВАТИ, ИНФУЗИОНИ РАСТВОРИ И ВОДА ЗА ИНЈЕКЦИИ

1. Решението за југословенскиот стандард за гумени чепови за шишиња за конзервирање на крв, крвни деривати, инфузиони раствори и вода за инјекции („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/68) престанува да важи.

2. Ова решение влегува во сила на 1 јануари 1972 година.

Бр. 19-4078/1
6 август 1971 година
Белград

Директор
на Југословенскиот
завод
за стандардизација
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**490.**

Врз основа на член 23 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) и член 14 став 3 и член 15 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 47/66, 55/68 и 27/71), Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 48/67, 5/68, 11/68, 17/68, 25/68, 30/68, 46/68, 5/69, 32/69, 34/69, 6/70, 29/70, 18/71, 22/71, 26/71 и 32/71) во точка 1 став 2 зборот: „август" се заменува со зборот: „септември", а на крајот се додаваат зборовите: „и за обезбедување на ликвидноста за исплата на личните доходи на работниците на работните организации".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 63
9 август 1971 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Гувернер,
д-р **Иво Перишин**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 58/70, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

Во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, кој е составен дел на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран, во одделот XV, глава 73, во тарифниот број 73.28 во колоната 3 треба да стои ознаката: „ЛБ" а во колоната 4 — ознаката: „ГДК", кои по погрешка се изоставени.

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 9 јуни 1971 година.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА УКИНУВАЊЕ НА ТОЧКА III ОД ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ, ОДНОСНО ЗА ИСПРАВКИ НА ЧЛ. 56—61 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ИНДУСТРИСКИОТ КОМБИНАТ „НЕРЕТВА" ОД ОПУЗЕН

I. Собранието на општината Метковиќ му поднесе на Уставниот суд на Југославија предлог за оцена на уставноста и законитоста на точка II од Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за усвојување на Правилникот за распределба на личните доходи на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Неретва" од Опузен, донесена на 13 август 1968 година. Комбинатот на 26 декември 1970 година донесе нов Правилник за распределба на личните доходи, па Собранието на општината му предложи на Судот да ја оцени законитоста на чл. 56—61 од тој Правилник. Најпосле, Комбинатот на 18 јуни 1971 година донесе одлука за измени, односно за исправки на чл. 56—61 од Правилникот за распределба на личните доходи, па Собранието на општината му предложи на Судот да ја оцени законитоста и на тие одредби од Одлуката.

На расправата одржана пред Уставниот суд на Југославија на 22 јуни 1971 година претставникот на Собранието на општината, покрај другото изнесе дека одредбите на Одлуката донесена на 18 јуни 1971 година се незаконити, од причината што со воведувањето и со исплатата на теренскиот додаток е извршено индиректно зголемување на личните доходи на работниците, додека претставникот на Комбинатот изјави дека воведувањето на теренскиот додаток било непходно со оглед на големата оддалеченост на погоните на Комбинатот од живеалиштата на работниците и со оглед на тоа што работниците на терен се изложени на зголемени трошоци на животот.

II. На расправата одржана пред Уставниот суд на Југославија на 22 јуни 1971 година е утврдено дека со донесувањето на Одлуката за измени, односно за исправки на чл. 56—61 Правилникот за распределба на личните доходи од 18 јуни 1971 година се ставени вон сила и престанале да се применуваат точка II од Одлуката од 13 август 1968 година и одредбите на чл. 56—61 од Правилникот од 26 декември 1970 година.

III. Оценувајќи ја законитоста на одредбите од Одлуката на Комбинатот од 18 јуни 1971 година, Уставниот суд на Југославија заземе становиште дека Комбинатот, во согласност со правото на автономно регулирање на внатрешните односи од страна на секоја работна организација, бил овластен со свој нормативен акт да ги пропише условите за примање и исплата на теренскиот додаток. Во согласност со тоа овластување со одредбите на Одлуката, покрај другото, се определени и услови за здобивање со правото на теренски додаток. Така со точка III, со која е изменет поранешниот член 58 од Правилникот, е пропишано дека „Теренски додаток му припаѓа на работник за секој ден поминат на терен ако работното место е оддалечено најмалку 7 километри од постојаното место на престојот на тој работник".

Според својата функција и според својот поим теренскиот додаток претставува надоместок кој им се дава на работниците заради покривање на зголемените трошоци на животот, настанати поради престој и работа на терен надвор од местото на нивното живеалиште. Од таквиот карактер на теренскиот додаток произлегува дека здобивањето со правото на примање на тој додаток и определувањето на неговата височина зависат од повеќе фактори.

Со одредбата на точка III од Одлуката, меѓутоа, како единствен и исклучителен критериум за примање на теренскиот додаток е определена оддалеченост од постојаното место на престојот, не земајќи ги при тоа предвид другите фактори што влијаат врз зголемувањето на трошоците на животот на работниците поради животот и работата на терен, а со самото тоа и врз здобивањето и загубата на правото на теренскиот додаток. Заради тоа таа одредба, според мислењето на Уставниот суд на Југославија, е во спротивност со утврдените правни принципи за функцијата и карактерот на теренскиот додаток и со критериумите потребни за неговото определување, па како таква е незаконита.

IV. Со оглед на изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија донесе

### Одлука

1. Незаконита е одредбата на општиот акт на работната организација со која, спротивно на утврдените правни принципи за функцијата и карактерот на теренскиот додаток, се пропишува условите за здобивање и загуба на правото на теренскиот додаток да зависат исклучително од оддалеченоста на живеалиштата на работниците до местото на кое се изведува работата на терен.

2. Со оглед на предното становиште, се укинува одредбата на точка III од Одлуката за измени, односно за исправки на чл. 56 — 61 од Правилникот за распределба на личните доходи на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Неретва" од Опузен, донесена на 18 јуни 1971 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ", како и во Земјоделско-индустрискиот комбинат „Неретва" во Опузен на начин на кој е објавена наведената одлука.

V. Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: членови на Судот Иван Божичевиќ, д-р Асен Групче, Јоже Земљак, д-р Иво Сунариќ, Никола Срзентиќ и д-р Александар Фира.

Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука врз основа на јавната расправа, на седницата одржана на 22 јуни 1971 година.

У-бр. 550/70
22 јуни 1971 година
Белград

Го заменува
претседателот
на Уставниот суд
на Југославија,
**Иван Божичевиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воените единици во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

### СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

интендантските полковници: Адамовиќ Лазара Дмитар, Грбовиќ Милана Александар, Јоветиќ Радивоја Љубомир, Карадеглија Шќепана Ненад, Мишковиќ Алексе Предраг, Пантелиќ Косте Радован, Симеуновиќ Јездимира Радосав, Вејновиќ Миле Петар;

артилериските полковници: Алексиќ Саве Обрен Болта Дане Стева, Булатовиќ Тодора Милорад, Ѓукиќ Арсе Бранислав, Маркотиќ Анте Винко, Новокмет Милана Чедо, Томц Франца Винко, Вучиниќ Ќетка Трипо, Живковиќ Јована Миленко;

Пешадиските полковници: Атанасовски Темков Тодор, Бабурски Станка Радован, Гаќеша Јанка Тимо, Грковиќ Мирка Огњен, Гуцулиќ Чедомира Жарко, Ивановиќ Петра Ѓуро, Јоксимовиќ Боје Драгољуб, Кецман Душана Симеун, Ковачевиќ Николе Свето, Кржишник Антона Љубо, Лошиќ Салиха Алија, Малеш Симе Лазо, Малиќ Николе Антун, Мариќ Ѓуре Чедомир, Марковиќ Николе Петар, Мехмедбашиќ Махмуда Халил, Мишетиќ Николе Живан, Митровиќ Божидара Драгомир, Оцокољиќ Негослава Станислав, Селиќ Секуле Миодраг, Сушак Ѓуре Милош, Терзиќ Боже Гаврo, Зајелац Петра Гојко;

санитетските полковници; Богданов Едуарда Леа Дрндарски Милорада Душан, Гашпаров Јосипа Анте, Мел Мосе Давид, Микиќ Милована Жарко, Миљковиќ Милана Адам, Павловиќ Милоша Милорад, Петровиќ Миливоја Војин, Врачариќ Владимира Боривоје;

техничките полковници: Бошњаковиќ Манојла Петар, Микелиќ Јосипа Миленко;

полковниците на оклопни единици: Чавкиќ Хасана Шериф, Денона Јосипа Јосип;

полковниците за врска: Јекиќ Станка Ѓуро, Узелац Раде Гојко, Вељачиќ Владимира Иван;

морнаричкотехничките полковници: Кведер Драгутина Драго, Милковиќ Боже Ленко;

полковниците на АБХ одбрана: Мавриќ Јосипа Милан, Стојиќ Николе Милорад;

инженерскиот полковник: Мириќ Николе Раде;

полковникот на сообраќајна служба: Русо Гришпинијана Алекса;

полковникот на музичка служба: Савник Винка Винко;

Полковник на финансиска лсужба: Видас Јосипа Маријан;

капетаните на боен брод: Вуксановиќ Милоша Милинко, живковиќ Светина Шиме;

санитетските потполковници: Бојаниќ Радослава Николе, Пантелиќ Богдана Драгољуб, Вукосављевиќ Велимира Миодраг;

потполковникот на геодетска служба: Будер Винка Иван;

интендантските потполковници: Дошен Буде Никола, Златар Милоша Марко;

пешадиските потполковници: Фарагуна Јосипа Руђеро, Грубишић Грге Никола, Ковачевић Вида Божо, Тодоровић Радивоја Бошко, Зелић Луке Љубомир;

техничкиот потполковник: Глушац Николе Милан;

потполковниците на АБХ одбрана:Једнак Михајла Милан, Миловић Марка Обрад, Пантелић Милинка Драгољуб, Перушко Јосипа Блаж, Жунић Владислава Милорад;

капетанот на фрегата: Колан Марчела Лујо;

артилерискиот потполковник: Кукољ Јове Душан;

инженерискиот потполковник: Поповић Симе Радомир;

потполковник на сообраќајна служба: Томић Манасија Апостол;

пешадискиот мајор: Чад Франца Марјан;

интенданскиот капетан I класа: Рмуш Павла Миодраг;

санитетскиот воен службеник I класа: Јелачић Еугена Олга;

воениот службеник I класа на градежна служба: Миржински Александра Сергије;

санитетскиот воен службеник II класа: Томовић-Лемаић Дане Даница;

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

санитетските полковници: Кекез Винка Тонко, Коркоделовић Васе Велибор, Михајловић Дејана Срђан, Минић Арсе Јово;

санитетските потполковници: Апостолски Лазара Аристократ, Крстић Милана Славко, Николић-Ламут Антона Анча, Рашајски Николе Божидар, Шварц-Мамула Давида Јети;

потполковниците на геодетска служба: Арсић Милована Радомир, Благојевић Милована Бранислав, Јанковић Никодина Живојин, Марковски Игњата Кирил;

потполковниците на финансиска служба: Баић Јована Бранко, Дуванчић Петра Милан, Тодоровић Настаса Драган;

потполковниците за врска: Бајц Алојза Виктор, Јуришић Алексе Бошко, Сретеновић Животе Душан, Станкић Грујице Миодраг, Штинц Јосипа Јосип, Шупак Јосипа Вазмослав;

интендантските потполковници: Бањанин Раде Илија, Манојловић Саве Мирко, Николашев Лазара Радослав, Петровић Милана Божидар, Ракић Јована Слободан;

потполковникот на АБХ одбрана: Башић Стјепана Јосип;

артилериските потполковници: Богдановић Момчила Тихомир, Цунић Ристе Благоје, Марковић Живојина Станојло, Вујадиновић Спасе Видак;

потполковниците на сообраќајна служба: Цакић Тодора Душан, Ожеговић Симе Стеван;

пешадиските потполковници: Цолић Антона Младенко, Јовановић Гвоздена Мирослав, Кретић Андрије Ђуро, Машановић Јована Драго, Миловановић Живојина Добривоје, Петровић Драгољуба Александар, Рељић Стојана Недељко, Станковић Сретена Живота, Танкосић Милана Стево, Зечевић Гавре Владимир;

морнаричкотехничките потполковници: Дабовић Драгољуба Драгиша, Николић Радомира Зоран, Петрошанец Валентина Петар, Жикић Видоја Борислав;

инженерските потполковници: Дрљевић Михаила Драгиша, Тошовић Ивана Бранко;

капетаните на фрегата: Гајић Јована Александар, Карио Јоже Јерухам;

техничките потполковници: Нинић Светозара Милутин, Петровић Ђорђа Драган, Раденовић Новице Милорад, Разингер Валентина Александар, Ровчанић Вука Душан, Терзин Чедомира Пуниша;

потполковниците на правна служба: Јовановић Стевана Бранко, Мрак Јоже Марко;

потполковникот на оклопни единици: Максимовић Луке Александар;

потполковникот на геодетска служба: Марковић Трифуна Сретен;

потполковниците на авијација: Матић Милорада Ранђел, Вујић Славка Милан;

ветеринарните потполковници: Пешић Спасоја Властимир, Поповић Љубомира Јован;

пешадиските мајори: Абрамовић Ивана Јосип, Бошковић Милосава Глишо, Божовић Милована Божидар, Харамустек Ивана Стјепан, Крњак Јосипа Антон, Минић Шћепана Радивоје, Рајковић Вељка Градимир, Розман Винка Јоже, Саксида Франца Звонко, Станимировић Стојана Никола, Жарковић Драге Душан, Живковић Владимира Станимир;

мајорите на финансиска служба: Бабић Раде Живко, Бошковић Михајла Звонимир, Чубра Илије Никола, Радичевић Јевросима Боривоје, Стојановић Драгољуба Миодраг;

техничките мајори: Бан Ивана Бранко, Бошкин Јосипа Јошко, Ђорђевић Младена Лука, Ђурин Бошка Миленко, Јосиповић Радојице Властимир, Ковачевић Димитра Симеон, Марјановић Јована Бранислав, Милотић Ивана Душан, Обреновић Димитра Предраг, Павловић Радисава Милан, Петровић Светислава Миодраг, Шкурдија Петра Игњац, Видич Франца Силвестер, Вилчић Мирка Јанко, Влах Ивана Душан, Водопивец Антона Едуард;

капетаните на корвета: Башић Антонија Чедомир, Бенковић Фрање Фрањо, Капов Љубе Петар, Крстуловић Анте Раде, Кртинић Раде Драгољуб, Митровић Милана Бранко, Младеновић Љубише Михајло, Нешић Светомира Томислав, Тимотијевић Богдана Миомир, Веселиновић Младена Иван, Вујић Димитра Бранимир;

мајорот на административна служба: Божић Саве Ристо;

артилериските мајори: Божичевић Николе Владо, Буковац Милана Антон, Дундић Вуколе Слободан, Јашаревић Шаћира Адем, Јовановић Ставрије Радојица, Коцић Драгутина Велимир, Маричић Илије Ђуро, Миһевић Јове Бошко, Розман Јоже Јанко, Стевовић Јована Радомир;

мајорите на оклопни единици: Бурић Мије Анте, Ђокић Љубисава Боривоје;

санитетските мајори: Драгић Младена Бранко, Ђурић Глигора Душанка, Гавриловић Радована Боривоје, Голић Светислава Марија, Грабарић Владоја Борис, Грчић Светозара Јаша, Ковачевић Петра Добривоје, Лабус Петра Драган, Михаиловић Томе Марија, Ранчић Војислава Светислав, Вучићевић-Тесла Николе Сава, Зеба Петра Пане, Зец Жарка Маринко;

мајорите на геодетска служба: Гечник Јожета Јоже, Хегедиш Гизела Еуген, Мићић Љубомира Илија, Смук Антона Антон, Трамишак Рудолфа Стјепан, Влаховић Михајла Драгиша, Зупанц Милана Милан;

мајорите на градежна служба: Гегић Драге Славко, Јанковић Живана Миодраг, Керкоч Ладислава Ладислав, Шмит Мате Анте;

интендантските мајори: Герзић Адема Фауд Костић Јордана Станко, Мардешић Мате Јаков, Михаиловић Милована Марко, Михаиловић Васе Милош, Перуновић Новака Милан, Петровић Богољуба

Милојко, Радишиќ Аќима Душан, Радоњиќ Владимира Милан, Тешиќ Радивоја Десимир;

ветеринарните мајори: Горопек Винка Доброслав, Кукиќ Милана Раде;

мајорот на АБХ одбрана: Иветиќ Матије Слободан;

воздухопловнотехничките мајори: Јелен Фрање Иван, Тешиќ Николе Миливоје;

мајорот на правната служба: Крајгер Антона Димитрије;

мајорите на авијацијата: Крвавица Миле Душан, Зец Николе Милан;

мајорот за врска: Милојевиќ Павла Радивоје;

инженерскиот мајор: Николиќ Миленка Миладин;

мајорот на сообраќајна служба: Орлиќ Радета Урош;

морнаричкотехничките мајори: Томиќ Луке Јован, Зомер Ивана Јанез;

капетаните I класа на административна служба: Антиќ Максима Радослав, Латиновиќ Давида Видоје, Нешиќ Петра Александар, Николиќ Пантелије Славко, Радовиќ Максима Гојко;

пешадиските капетани I класа: Бјелајац Боже Петар, Брозниќ Рајмунда Антон, Грујиќ Грујице Тихомир, Ивковиќ Љубомира Милан, Јанковиќ Сретена Владимир, Кнежевиќ Ѓуре Петар, Крстиќ Радмила Предраг, Никчевиќ Митра Војислав, Пешут Раде Миле, Васиљ Стјепана Марко, Војковиќ Луке Анте, Вучевиќ Николе Ѓуро;

санитетскиот капетан I класа: Брајовиќ Станимира Миленко;

артилериските капетани I класа: Црвенчанин Андре Јован, Мулчан Милорада Петар, Вукореп Луке Иван;

капетаните I класа на геодетска служба: Цветковиќ Милосава Миодраг, Чупиќ Милана Александар, Ходак Ивана Мато, Исаковиќ Мурата Халил, Јакиќ Петра Петар, Јаковљевиќ Милоша Обрад, Милошевиќ Радосава Радоња, Пеливански Лазара Панче, Петровиќ Раденка Милутин, Плементаш Јосипа Андрија, Станковиќ Тодора Крста, Велимировиќ Драгутина Велимир, Весиќ Тиосава Добривоје, Врцибрадиќ Славка Милан, Вукотиќ Ивана Игњације;

инженериските капетани I класа: Ѓукиќ Владета Радомир, Рајиќ Драгољуба Радослав;

морнаричкотехничките капетани I класа: Франиќ Мате Иво, Калиниќ Нике Иво, Томиновиќ Маријана Томислав;

капетаните I класа на оклопни единици: Горењак Макса Иван, Спасојевиќ Светозара Јаков;

техничките капетани I класа: Грдовиќ Маријана Миљенко, Јаниќијевиќ Милутина Предраг, Катиќ Ѓуре Драган, Магаш Ивана Јаков, Мициќ Душана Радивој, Стојанац Милана Гојко;

капетаните I класа на градежна служба: Крнета Ѓуре Перо, Миладиновиќ Владимира Војислав;

интенданските капетани I класа: Кубуриќ Стевана Тома, Шалов Марина Петар;

капетаните I класа за врска: Ливаиќ Шиме Томислав, Митровиќ Јована Драгомир;

поручниците на боен брод: Медиќ Неколе Вукашин, Подобник Конрада Раде;

капетаните I класа на финансиска служба: Обрадовиќ Миле Данило, Петровиќ Душана Данило. Петровиќ Душана Гаврило;

капетанот II класа на сообраќајна служба: Софреновиќ Недељка Стеван;

капетанот I класа на АБХ одбрана: Забрет Алојза Цирил;

инженерискиот капетан: Ќириќ Миливоја Славољуб;

техничкиот капетан: Ѓурашиновиќ Боже Војислав;

пешадиските капетани: Кундачина Јефте Тихомир, Шкориќ Ѓуре Дмитар, Токиќ Мате Јерко;

капетанот на оклопни единици: Нинковиќ Николе Ристо;

капетаните на сообраќајна служба: Секулиќ Радоње Србобран, Вуковиќ Николе Крсто;

капетанот на административна служба: Томановски Васила Лазар;

интендантскиот капетан: Томиќ Петра Петар;

техничкиот заставник: Бакрач Милуна Миладин;

заставникот на сообраќајна служба: Илиќ Гвоздена Станоје;

воените службеници III класа на музичка служба: Анчиќ Ивана Војин, Јовановиќ Милорада Бранко, Симиќ Симе Момчило;

воените службеници III класа на финансиска служба: Иванов Михајла Александар, Мокрањац Љубомира Вера;

воените службеници III класа на административна служба: Јаковљевиќ Васе Коста, Кос Јожефа Павел, Толиќ Мате Аугустин;

санитетските воени службеници III класа: Лазаревиќ Драгише Зоран, Марковиќ Стевана Душанка;

воените службеници III класа на геодетска служба: Марковиќ Драгољуба Небојша, Вељковиќ Косте Милорад;

воените службеници IV класа на административна служба: Гргуревиќ Јосипа Нико, Савиќ Јаќима Драгослав;

санитетскиот воен службеник IV класа: Стефановиќ Душана Љубинка;

воениот службеник V класа на финансиска служба: Капор Баќе Жарко;

за примерна работа на развивањето полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешински и војнички особини што им служат за пример на другите

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

техничките капетани: Обрадовиќ Николе Томислав, Петровиќ Чедомира Милан;

поручникот на геодетска служба: Јелер Ивана Франц;

поручникот за врска: Поповиќ Пере Бранко;

интендантскиот поручник: Радоја Мирка Миле;

техничкиот поручник: Радословиќ Мате Ѓанкарло;

артилерискиот поручник: Враниќ Милутина Небојша;

поручниците на АБХ одбрана: Ѓурсаќ Ѓуре Чедомир, Лондровиќ Радована Томислав;

потпоручниците за врска: Човиќ Милинка Неделко, Ќирковиќ Богосава Милун, Ѓорѓевиќ Војислава Миодраг;

потпоручникот на сообраќајна служба: Маријановиќ Иванка Миодраг;

артилерискиот потпоручник: Пантелиќ Илије Милорад;

потпоручникот на финансиска служба: Зиндовиќ Јоје Бошко;

техничкиот заставник: Товаревиќ Радосава Војо;

постариот водник I класа на административна служба: Драгишиќ Дамјана Драган;

постариот водник I класа на финансиска служба: Дракулиќ Милоша Бранко;

воздохопловнотехничкиот постар водник I класа: Гавриловиќ Рајка Милија;

инженерискиот постар водник I класа: Филиповиќ Бранка Радосав;

постарите водници I класа за врска: Костовски Наум Богое, Милчановиќ Светислава Драгоје, Ратковиќ Беге Алија;

интендантскиот постар водник I класа: Максиќ Борисава Душан;

постариот водник I класа на сообраќајна служба: Михајловиќ Светолика Малиша;

техничкиот постар водник I класа: Младеновиќ Јована Душан;

пешадискиот постар водник I класа: Здравковиќ Петра Бранислав;

артилерискиот постар водник I класа: Здравковиќ Јакова Јоксим;

санитетскиот постар водник I класа: Зенун Ибрахима Авдо;

пешадиските постари водници: Андријашевиќ Обрена Шпиро, Бошковиќ Стевана Радован, Деспот Ѓуре Сретко, Којиќ Владислава Богољуб, Мичиновиќ Драгиќа Драгиша;

пастариот водник на АБХ одбрана: Аврамовиќ Јовице Јездимир;

техничките постари водници: Башчован Стипе Анте, Цвијовиќ Будимира Видан, Говља Јакима Ѓуро, Јовановиќ Миодрага Живојин, Костиќ Николе Божидар, Мандиќ Петра Гојко, Нешковиќ Милорада Драгиша, Стефановиќ Миодрага Драгиша, Шушиќ Шпире Марко, Томиќ Младена Рајко;

инженериските постари водници: Бојиќ Васкрсија Јован, Станисављевиќ Максима Никола, Стојановиќ Милета Драгиќ;

постарите водници на оклопни единици: Босовиќ Мустафа Изудин, Стојковиќ љубомира Станиша;

артиљеријски старији водници: Гајиќ Бранислава Велимир, Петковиќ Селимира Славољуб, Вукелиќ Ивана Звонко, Зоричиќ Раде Милан;

постарите водници за врска: Јовиќ Које Никола, Марковиќ Миле Бранко, Мазиќ Милана Гаврило, Милојевиќ Сибина Душан, Митиќ Станоја Радослав, Пајиќ Раде Стеван, Петровиќ Митра Петар, Рамичиќ Шабана Мухарем, Рис Милоша Богдан, Вујовиќ Светолика Радован, Златковиќ Живојина Велимир;

санитетскиот постар водник: Лазаров Блаже Ангел;

постарите водници на административна служба: Петровиќ Десимира Милан, Влаховиќ Блажа Гавро, Вукелиќ Станоја Драгољуб;

морнаричкотехничкиот постар водник: Урлеп Неже Леополд;

поморскиот постар водник: Жигун Ивана Јосип;

водниците I класа на сообраќајна служба: Гаковиќ Жарка Рајко, Здравковски Георгие Русимир;

водникот I класа на оклопни единици: Јурковиќ Томе Никола;

техничките водници I класа: Калиниќ Митра Бошко, Овашевиќ Косте Младен, Тимков Михајла Перо;

артилерискиот водник I класа: Латковиќ Јанка Јанко;

водникот I класа на административна служба: Пахел Фрања Владимир;

воздухопловнотехничкиот водник I класа: Живковиќ Петра Љубомир;

инженерискот водник: Адамовиќ Милорада Томислав;

техничкиот водник: Бојиќ Војина Радуле;

водниците на оклопни единици: Лучиќ Милорада Матија, Пинтариќ Ивана Лука;

водниците за врска: Прегар Ивана Бранко, Рушнов Ѓуре Миле, Старчевиќ Обрада Милорад;

водникот на сообраќајна служба: Рњак Душана Мирко;

водникот на АБХ одбрана: Жмариќ Петра Славко;

воениот службеник V класа на административна служба: Перовиќ Радисава Радуле;

санитетскиот воен службеник V класа: Танасковиќ Вјекослава Викторија;

воениот службеник VIII класа на музичка служба: Демировиќ Беџета Демир;

санитетскиот воен службеник VIII класа: Радојковиќ Љубише Љубинка;

за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

постариот водник I класа на административна служба: Појиќ Игњатија Милош;

постарите водници за врска: Машиќ Живорада Славко, Шолак Душана Драгутин, Вујачиќ Мате Војислав;

санитетските постари водници: Миленковиќ Стојана Милутин, Тушев Спасе Живко;

водникот I класа на административна служба: Дуганиќ Иштвана Иштван;

пешадискиот водник I класа: Гостимир Николе Јован;

техничките водници I класа: Лемо Рашка Иван Ристиќ Душана Милорад;

воздухопловнотехничкиот водник I класа: Љеваја Милоша Славко;

водникот I класа за врска: Петровиќ Јерослава Мирослав;

водниците за врска: Павичиќ Бартула Миленко, Петровиќ Стојана Велибор;

техничкиот водник: Поповиќ Илије Душан;

за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

техничкиот потполковник: Маргитиќ Стјепана Чедо;

интендантскиот мајор: Золотиќ Ѓорѓа Сергије;

техничкиот капетан I класа: Георгиевски Кирил Јован;

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

пешадискиот полковник: Вученовиќ Николе Ѓорѓе;

потполковник на финансиска служба: Смаилагиќ Хасана Сафет;

капетанот I класа за врска: Симјановиќ Николе Душан;

за особени заслуги на делото ширење на братството меѓу нашите народи и на создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народот

## СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

пешадискиот потполковник: Рељиќ Јове Миле;

за особени заслуги здобиени во борбата против непријателот за ослободување на нашата земја и за заслуги на организирањето и зацврстувањето на Југословенската народна армија

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

пешадискиот полковник: Михелиќ Ивана Михајло.

Бр. 233
22 декември 1969 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Франција

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Pierre Francfort, извонреден и ополномоштен амбасадор на Република Франција во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 48
31 март 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Гржетиќ Марија.

Бр. 124
22 јули 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод педесетгодишнината од основањето и работата, а за заслуги во работата од значење за културното издигање на нашите народи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Огранак „Сељачке слоге", Бушевец.

Бр. 126
22 јули 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Соединетите Држави на Мексико

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Jose Munjoz Zapata, шеф на Протоколот на Секретаријатот за надворешни работи на Соединетите Држави на Мексико.

Бр. 128
31 август 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Чиле

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Daniel Barria Sanchez, извонреден и ополномоштен амбасадор на Републиката Чиле во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 129
31 август 1970 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод седумдесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за истакнати заслуги на развивањето и јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за изградба на социјализмот, за слободата и независноста на нашата земја, како и за заслуги на полето на зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите земји

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЗВЕЗДА СО ЛЕНТА

Маринко Миха;

по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот на социјализмот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Зихерл Борис.

Бр. 130
1 септември 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува по повод шеесетгодишнината револуционерна работа, а за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јовићевић Павле.

Бр. 131
8 септември 1970 година
Белград

Го заменува Претседателот
на Републиката
Претседател
на Сојузната скупштина,
**Милентије Поповиќ,** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за долгогодишната работа, особените заслуги и успесите постигнати во научноистражувачката работа, воено-стручната настава и лекувањето на припадниците на Југословенската народна армија и граѓанските лица

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Военомедицинската академија.

Бр. 143
5 октомври 1970 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

**СОДРЖИНА:**


Страна

486. Наредба за измена и дополнение на Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и девизните контингенти за увоз на стоки во 1971 година — — — 681
487. Решение за југословенскиот стандард за производи од гума и од пластични маси за потребите на здравството — — — 681
488. Решение за престанок на важењето на Решението за југословенските стандарди за вентили за пневматици — — — — 681
489. Решение за престанок на важењето на Решението за југословенскиот стандард за гумени чепови за шишиња за конзервирање на крв, крвни деривати, инфузиони раствори и вода за инјекции — — — 682
490. Одлука за измена на Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија — — — — — — — — 682

Исправка на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран — 682

Одлука за укинување на точка III од Одлуката за измени, односно за исправки на чл. 56—61 од Правилникот за распределба на личните доходи на Земјоделско-индустриискиот комбинат „Неретва“ од Опузен 682

Одликувања — — — — — — — — — — 683

Меѓународни договори — — — — — — 541


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ“, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух. Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**